РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Основно училиште
Св.Кирил и Методиј
Бр. 03-553/1
11.12.2020 год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
Бр. 05-2368/2
10.12.2020 год.
КОЧАНИ

Друштво за градежништво, производство, трговија и услуги
ЌАНУ-КОМПАНИ ДОО увоз-извоз
Бр. 0307/25-1
10.12.2020 год.
СКОПЈЕ

# Д О Г О В О Р

**Склучен помеѓу:**

**1. Општина Кочани**, со седиште на ул.„Раде Кратовче" бр.1 Кочани, застапувана од Градоначалникот на Општина Кочани, Николчо Илијев, во својство на одговорно лице на Договорниот орган ( во понатамошниот текст : **Нарачател** )

**2. ОУ "Св.Кирил и Методиј" Кочани,** со седиште на ул.Глигор Апостолов Гочо" бр.33, Кочани, застапувано од Директорот Даниел Кралев (во понатамошниот текст: **Краен корисник**) и

**2. Друштво за градежништво,производство, трговија и услуги Ќану-Компани ДОО Скопје**, со седиште на ул. „Христо Татарчев" бр.47 Д/лок 1 Кисела Вода, Скопје, ДБ: 4030006584870 и ЕМБС:6087612, жиро с-ка 210060876120173, депонент на НЛБ банка АД Скопје, тел.071/386-936, застапувано од управителот Нуран Фејзуловски (во понатамошниот текст: **Изведувач).**

**Предмет на договорот**

**Член 1**

Предмет на Договорот за изведување на работи со кој Изведувачот се обврзува во договорен рок да изведе градежни работи, а Нарачателот се обврзува за тоа да му исплати определена цена, е:

**Изведба на ново осветлување во училишната спортска сала на ОУ "Св.Кирил и Методиј" Кочани**

Предметот од ст.1 на овој член е детално опишан во Предмерот, составен дел на тендерската документација изработена од Нарачателот по Одлука за јавна набавка од 11.11.2020 год. за спроведување на Набавка од мала вредност, со објавување на Оглас бр.16853/2020 на ЕСЈН на 11.11.2020 год., постапка која се спроведува во електронска форма и завршува со е-Аукција на ЕСЈН.

**Член 2**

Работите од чл.1 на овој Договор треба да се изведат според описите во предмер пресметката, цените од избраната понуда, како и важечките прописи, правила и стандарди.

**Член 3**

Со овој Договор Нарачателот, во име и за сметка на Крајниот корисник на проектот и Изведувачот ги регулираат своите права и обврски.

**Вредност на договорот**

**Член 4**

Изведувачот, работите наведени во чл. 1 од овој Договор, ќе ги изведе за вкупна цена од **240.713,00 денари без пресметан данок на додадена вредност**, согласно извештај од е-аукција генериран на ЕСЈН.

**Данокот на додадена вредност** на износот од ст.1 на овој член изнесува **43.328,34** денари или

**- вкупната вредност на Договорот за јавната набавка со вклучен ДДВ од 18 % изнесува: 284.041,34 денари.**

Во согласност со Извештајот од е-аукцијата генериран на ЕСЈН, единечните цени за изразување на поделните фази и позиции /за секоја ставка посебно/ се намалени за 21,0854 % во однос првично понудената цена и истите се составен дел на овој Договор.

Корекција на цените не се дозволени и истите ќе останат фиксни за цело времетраење на реализација на договорот.

**Извор на средствата за реализација на договорот и начин и рок на плаќање**

**Член 5**

Дел од средствата за реализација на договорот за јавната набавка во износ од 84.041,34 денари со ДДВ се обезбедени од Буџетот на Општина Кочани за 2020 год., Програма L0, ставка 424, а делот од 200.000,00 ден. со ДДВ од ОУ "Св.Кирил и Методиј" Кочани, кој се јавува како краен корисник, од сопствена сметка за самофинансирачки активности.

Плаќањето ќе се врши по доставување на фактура, во рок од 30 /триесет/ дена, сметано од денот на приемот на истата во архивата на Нарачателот.

**Динамика на изведување на работите**

**Член 6**

Изведувачот е должен работите од предметот на договорот за јавната набавка да ги изведе во рок од 20 дена сметано од денот на потпишување на договорот согласно Предмер пресметката.

Место на изведување на работите: спортска сала на ОУ "Св.Кирил и Методиј" Кочани.

Изведувачот е должен најпрво да ја отстрани, демонтира старата опрема на осветлување во спортската сала на училиштето и да обезбеди набавка, транспорт и монтажа на нова лед опрема за осветлување во спортската сала на училиштето согласно условите од техничката спецификација.

**Договорна казна**

**Член 7**

Во случај на доцнење на изведба на работите од страна на Изведувачот, Нарачувачот има право на надомест на штета и договорна казна – пенали .

Договорната казна се определува во висина од 5 % од вредноста на неизведените работи за секој започнат ден, за првите две недели.

Во случај на доцнење на изведбата повеќе од две недели, Нарачувачот има право по претходно доставено писмено известување до Изведувачот да го раскине Договорот и да бара надомест на штета.

**Член 8**

Изведувачот има право да бара продолжување на рокот за изведување на работите во случај во кој поради променети околности или неисполнување на обврските од Нарачателот бил спречен да ги изведува работите.

Продолжувањето на рокот се определува според траењето на пречката, со тоа што рокот се продолжува и за времето потребно за повторното започнување на работите и за евентуалното поместување на работите во понеповолно годишно време.

Како причини, поради кои, во смисла на ст. 1 од овој член, може да се бара продолжување на роковите, се сметаат особено:

1) природни настани (пожар, поплава, земјотрес, исклучително лошо време, невообичаено за годишното време и за местото на кое се изведуваат работите и сл.);

2) мерките предвидени со акти на надлежните органи;

3) задоцнување во испораката на опрема, ако опремата ја набавува Нарачателот или ја испорачува лице кое го определил Нарачателот;

4) непредвидените работи за кои Изведувачот при склучување на договорот не знаел ниту можел да знае дека мораат да се изведат;.......

**Член 9**

Изведувачот е должен барањето за продолжување на рокот да го поднесе до Нарачателот штом ќе дознае за причината поради која рокот може да се продолжи.

**Обврски на Изведувачот**

**Член 10**

Изведувачот е должен работите од чл. 1 на овој Договор да ги изведе на начин и во роковите што се определени со овој Договор, прописите и правилата на струката, во согласност со условите утврдени со Закон за градење.

**Член 11**

За извршување на работите кои се предмет на овој Договор, Изведувачот се обврзува да обезбеди стручни и квалификувани лица согласно Законот за градење.

**Член 12**

Ако при изведувањето на договорените работи е предвидено Изведувачот да вградува определена опрема и материјали што ги набавува Крајниот корисник, Изведувачот е должен материјалите и опремата што ќе ги прими од Крајниот корисник да ги складира, чува и одржува до вградувањето.

**Член 13**

Трошоците за складирањето, чувањето и одржувањето на примените материјали и опрема ги поднесува Изведувачот.

Трошоците од ст.1 на овој член, ги поднесува Нарачателот ако материјалите и опремата му ги предал на Изведувачот пред рокот определен со договорената динамика на работите.

**Член 14**

Изведувачот е должен на објектот да презема мерки заради обезбедување на сигурноста на објектот и на работите, опремата, уредите и инсталациите, работниците, минувачите, сообраќајот, соседните објекти и околината.

Ако на исто градилиште работи изведуваат повеќе изведувачи, секој Изведувач презема мерки на заштита и ја обезбедува сигурноста на работите што тој ги изведува.

Трошоците за спроведување на мерките од став 1 и 2 на овој член, ги поднесува Изведувачот што ги презема тие мерки.

**Член 15**

По завршените работи, односно, по раскинувањето на договорот, Изведувачот е должен од градилиштето да ги повлече своите работници, да ги отстрани преостанатите материјали, опрема и средства за работа, како и привремените објекти што ги изградил и да го исчисти објектот и градилиштето.

Трошоците настанати во врска со работите од ст. 1 на овој член, извршени по завршетокот на договорените работи, ги поднесува Изведувачот.

Трошоците настанати во врска со работите од ст. 1 на овој член, извршени во случај на раскинување на Договорот, ги поднесува договорната страна што е одговорна за раскинување на Договорот.

**Обврски на Нарачателот и Крајниот корисник**

**Член 16**

Крајниот корисник е должен да ги отстрани сите постоечки проблеми со што би се овозможило несметано изведување на работите.

**Член 17**

Нарачателот и Крајниот корисник се должни, да постапуваат согласно начинот и рокот на плаќање утврден во чл.5 од овој договор.

**Член 18**

Нарачателот е должен да именува свој надзор и да го извести Изведувачот за тоа.

**Услови за квантитативна и квалитативна контрола**

**Член 19**

Изведувачот е должен во објектот да вградува материјали и опрема што му одговараат на пропишаниот или договорениот квалитет, во согласност со техничките прописи.

Изведувачот е должен да го предупреди Крајниот корисник за воочените или утврдените недостатоци на материјалите и опремата што се предвидени во предмер пресметката.

Материјалите и опремата од ст. 1 на овој член, Изведувачот може да ги вградува само ако Крајниот корисник, откако Изведувачот го предупредил за недостатоците, бара да се вградат и ако вградувањето на тие материјали и опрема не ја загрозува стабилноста на објектот, животите на луѓето, соседните објекти, сообраќајот и околината.

Изведувачот е одговорен за употреба на материјалите и опремата што не му одговараат на договорениот или пропишаниот квалитет, освен во случај од ст. 3 на овој член.

**Член 20**

Ако Изведувачот не ги изведува работите според описите во предмер пресметката, техничките прописи и стандарди, како и според резултатите од сопственото испитување и правилата на струката, Нарачателот и Крајниот корисник имаат право да бараат запирање на натамошното изведување на работите, односно, да бараат промена на материјалите или употреба на материјали и опрема од соодветен квалитет. Ако на тој начин е доведена во прашање сигурноста на објектот, животите на луѓето или на соседните објекти, Нарачателот има право да бара Изведувачот да ги урне изведените работи и работите повторно да ги изведе на свој трошок на начин што е договорен.

**Член 21**

Ако Изведувачот во текот на изведувањето на работите не постапи по основаното барање на Крајниот корисник и не ги отстрани недостатоците на изведените работи, Нарачателот може да го раскине договорот и да бара од Изведувачот надомест на штета што настанала поради неквалитетно изведените работи и поради раскинувањето на договорот.

Ако Изведувачот не ги отстрани во примерен рок, недостатоците што се утврдени при техничкиот преглед и примопредавањето на изведените работи, Нарачателот може, врз товар на Изведувачот отстранувањето на недостатоците да му го отстапи на трето лице.

**Контрола над изведените работи**

**Член 22**

Нарачателот има право да врши контрола над изведените работи на Изведувачот заради проверување и обезбедување на нивно уредно изведување, особено во поглед на

видот, количеството и квалитетот на работите, на материјалните и опремата и на предвидените рокови.

Заради вршење на контрола на изградба Нарачателот има право на пристап на градилиштето, во работилниците, погоните и местата за складирање на материјалите.

Контролата ќе ја врши надзор определен од Нарачателот, како и овластено лице-вработено кај Нарачателот- внатрешен надзор.

**Член 23**

Забелешките во поглед на начинот на изведувањето на работите, на употребениот материјал или на текот на изведувањето на работите Нарачателот е должен без одлагање да му ги соопшти на Изведувачот.

**Член 24**

Изведувачот е должен да постапи по сите основни барања од Нарачателот поднесени во врска со вршењето на стручната контрола.

***Гарантен период***

**Член 25**

Изведувачот гарантира дека изведените работи во времето на примопредавањето се во согласност со договорот, прописите и правилата на струката и дека немаат мани што ја оневозможуваат или ја намалуваат нивната вредност или нивната подобност за редовна употреба, односно, за употребата определена со договорот.

**Член 26**

Изведувачот е должен во рок од **36 /триесет и шест/ месеци**, од денот на примопредавањето на изведените работи или на дел од изведените работи, а ако користењето на изведените работи или на дел од истите започнало пред примопредавањето - од почетокот на користењето, без надоместок да ги отстранува сите недостатоци кои произлегуваат од нестручно и неквалитетно изведување на работите.

За квалитетот и гаранцијата на материјалите што се вградуваат, во поглед на содржината и рокот, важи гаранцијата од производителот, со тоа што Изведувачот е должен сета документација за квалитетот и гаранциите на производителот на материјалите, заедно со упатствата за употреба, да ги прибави и да му ги предаде на Крајниот корисник.

**Член 27**

Изведувачот не е должен да ги отстрани оние недостатоци што настанале како последица од нестручно ракување и употреба, односно, не наменско користење на изведените работи или на дел од изведените работи.

Во врска со прашања поврзани со гарантниот период ќе се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи и Законот за јавните набавки.

**Виша сила**

**Член 28**

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овој Договор до кое би дошло заради Виша сила. Ако една од договорните страни е спречена заради Виша сила должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за Вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

По отстранување на Вишата сила Договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорно.

**Обештетување**

**Член 29**

Договорните страни се должни да ги исполнат обврските кои произлегуваат од овој Договор.

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни обврската или ќе задоцни со нејзиното исполнување, другата договорна страна има право да бара и надомест на штетата што ја претрпел поради тоа.

За штетата поради задоцнување со исполнувањето одговара договорната страна на која другата договорна страна и дала примерен дополнителен рок за исполнување.

Договорната страна се ослободува од одговорноста за штетата ако докаже дека она што е предмет на обврската случајно би пропаднало и кога таа својата обврска би ја исполнил на време.

**Член 30**

Договорната страна се ослободува од одговорноста за штетата ако докаже дека не можела да ја исполни својата обврска, односно дека задоцнила со исполнувањето на обврската поради околности настанати по склучувањето на договорот кои не можела да ги спречи, отстрани или избегне.

**Член 31**

Одговорноста на договорената страна за намерата или крајното невнимание не може однапред со договор да се исклучи.

**Член 32**

Договорната страна која е должна да ја извести другата страна за фактите што се од влијание врз нивниот меѓусебен однос, одговара за штетата што ќе ја претрпи другата страна поради тоа што не била известена на време.

**Решавање на спорови**

**Член 33**

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.

Доколку тоа не даде резултат во рок од 10 (десет) дена, спорот ќе го решава стварно и месно надежен суд.

**Времетраење на важност на договорот**

**Член 34**

Времетраење на важноста на овој Договор е 1 месец.

**Завршни одредби**

**Член 35**

Договорните страни се обврзани, за реализација на овој Договор, да соработуваат меѓу себе, да се грижат за унапредување на односите и за таа цел редовно и благовремено да се информираат за се што е потребно за реализација на Договорот.

**Член 36**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма, ако се потпишани од двете договорни страни и ако се во согласност со важечките прописи во РСМ.

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

**Член 37**

Договорните страни се должни да ги применуваат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за времетраење на важноста овој Договор.

**Член 39**

Овој Договор е составен во 6 /шест/ еднакви примероци, од кои 3 /три / примерока за Нарачателот, 1 /еден/ за Крајниот корисник, а 2 /два/ примерока за Изведувачот и стапува на сила со денот на неговото потпишување од двете договорни страни.

| за Изведувачот | Краен корисник | за Нарачателот |
|---|---|---|
| "Ќану-Компани" ДОО Скопје | ОУ"Св.Кирил и Методиј" Кочани | Општина Кочани |
| Управител | Директор, | Градоначалник, |
| Нуран Фејзуловски | Даниел Кралев | Николчо Илијев |

Составен дел на овој Договор е :

- Предмер пресметка со намалени единечни цени по ставки за 21,0854%, согласно резултатите од е-аукцијата

*Изработил: Соработник за поддршка и прибирање на документација за водење на постапки за јавни набавки-Татјана Крстова*
*Согласен : Раководител на Одделение за јавни дејности-Голубинка Георгиева*

**Предмер- пресметка за**

**Изведба на ново осветлување во училишната спортска сала на ОУ Св.„Кирил и Методиј“ Кочани**

| Ред. бр. | Опис на работите | Единица мерка | количина | Единечна цена без ддв | Вкупна цена без ддв | Вкупна цена со ддв |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Демонтажа** на постоечката опрема за осветлување во спортската сала на училиштето, **и набавка , транспорт и монтажа, изработка, шемирање и поврзување разводна табла со нови струјни кругови - на RO – разводен ормар со следната опрема:** | | | | | |
| | - Прекинувач- Гребенеста склопка ГС 16-90 U (ГС 16/1р-16А) | број | 6 | 5.129,45 | 30.776,69 | 36.316,50 |
| | - Автоматски осигурачи АО 16А-1р-с | број | 6 | 378,79 | 2.272,74 | 2.681,83 |
| | - Автоматски осигурачи АО 40А-3р-с | број | 1 | 670,77 | 670,77 | 791,51 |
| 2. | Набавка и монтажа на друг потребен материјал – ПВЦ канали, проводници, потпорни изолатори, ПОК канали, кабел, папучи, штрафови, и останат пропратен материјал- се комплет за работа | Сет - се комплет за работа | | 16.808,61 | 16.808,61 | 19.834,16 |
| 3. | Набавка, транспорт и монтажа на кабел PP-у 3 x 1,5mm за поврзување на рефлекторите | м | 400 | 90,75 | 36.300,72 | 42.834,84 |
| 4. | Набавка, транспорт и монтажа на нови лед | Број | 30 | 5.129,45 | 153.883,47 | 181.582,49 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | рефлектори со следните мин.карактеристики:<br>150 W моќност,<br>LED рефлектор,<br>12750 lm- 85lm/W<br>6000 K, 120 °, IP65,<br>IK -0,8, PF>0.9<br>Потекло ЕУ,<br>Гаранција мин.3 години | | | | | |
| | | | | ВКУПНО: | 240.713,00 | 284.041,34 |

| | | |
|---|---|---|
| **за Изведувачот**<br>**"Ќану-Компани" ДОО Скопје**<br>**Управител**<br>**Нуран Фејзуловски** | **Краен корисник**<br>**ОУ"Св.Кирил и Методиј" Кочани**<br>**Директор,**<br>**Даниел Кралев** | **за Нарачателот**<br>**Општина Кочани**<br><br>**Градоначалник,**<br>**Николчо Илијев** |

*Изработил: Соработник за поддршка и прибирање на документација за водење на постапки за јавни набавки-Татјана Крстова*
*Согласен : Раководител на Одделение за јавни дејности-Голубинка Георгиева*